# 2025/343

**РЕГУЛАТИВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЕУ) 2025/343 НА КОМИСИЈАТА**

**од 17 февруари 2025 година**

**за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 1132/2011 и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2017/373 во однос на системите за избегнување на судири во воздух**

**(Текст со важност за ЕЕО)**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската Унија,

имајќи ја предвид Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот, од 4 јули 2018 година, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Агенција на Европската Унија за безбедност во воздухопловството, и за изменување и дополнување на регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот, и за укинување на регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91([1]) на Советот, и особено точката (а) од член 31(1) и точката (а) од член 44(1), од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Со Регулативата (ЕУ) бр. 1332/2011([2]) на Комисијата ги утврдува заеднички услови за користење на воздушниот простор и оперативни процедури за избегнување на судир во воздух.

(2) Регулативата на Комисијата (ЕУ) бр. 1332/2011 бара авионите на турбински погон со максимална дозволена маса при полетување поголема од 5 700 кг или оние со одобрение да превезуваат повеќе од 19 патници да се опремени со верзија 7.1 на софтверот за систем за избегнување на судир во воздух (ACAS II) со цел да се избегне судир во воздух. Овој услов исто така важи и за оператори на одредени авиони регистрирани во трета земја, но не се однесува на системите на воздухоплови без екипаж.

---

[1] Сл. весник. L 212, 22.8.2018 година, стр. 1. ELI http://data.europa.eu/eli/reg/2018/1139/oj

[2] Регулатива (ЕУ) бр. 1332/2011 на Комисијата, од 16 декември 2011 година, за утврдување на заеднички услови за користење на воздушниот простор и оперативни процедури за избегнување на судири во воздух (Сл. весник. L 336, 20.12.2011 година, стр. 20, ELI http://data.europa.eu/eli/reg/2011/1332/oj).

(3) Во согласност со Регулативата (ЕУ) бр. 1332/2011 воздухоплови кои не се законски обврзани да бидат опремени со системот ACAS II, а се опремени врз доброволна основа, мора да имаат верзија 7.1 на софтверот за избегнување на судири.

(4) Регулативата за спроведување (ЕУ) 2017/373([3]) на Комисијата ги утврдува заедничките услови за даватели на услуги за управување со воздушниот сообраќај/даватели на услугите во воздухопловната навигација и останати мрежни функции за управување со воздушниот сообраќај и за нивниот надзор.

(5) Регулативата за спроведување (ЕУ) 2017/373 бара од давателот на комуникациски, навигациски или услуги за надгледување да биде способен да демонстрира дека неговите методи на работа и оперативни процедури се во согласност со стандардите од Анекс 10 кон Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство, потпишана на 7 декември 1944 година во Чикаго („Чикашка конвенција“), за воздухопловни телекомуникации до степен во кој се релевантни за обезбедување на комуникациски, навигациски и услуги за надгледување во односниот воздушен простор.

(6) Амандман 91 на Меѓународните стандарди и препорачаните практики, воздухопловни телекомуникации – системи за надзорниот радар и за избегнување на судири (Анекс 10, том IV од Чикашката конвенција) воведен е системот за избегнување на судир во воздух Ха (ACAS Ха) како алтернатива на ACAS II со верзија 7.1 за логично избегнување на судир.

(7) Согласно точка (а) од член 4(1), од Регулативата (ЕУ) 2018/1139, новите услови утврдени согласно таа Регулатива треба да ги одразуваат најновите и најдобри практики во областа на воздухопловството, и го земаат предвид искуството од целиот свет и научниот и технички напредок во соодветните области. Затоа, Регулативата (ЕУ) бр. 1332/2011 треба соодветно да се измени и дополни за да се овозможи пристап на воздухопловите што се опремени со ACAS Ха во воздушниот простор на SES.

(8) Согласно точка (е) од член 1(2), од Регулативата (ЕУ) 2018/1139, новите услови утврдени согласно таа Регулатива треба да им помогне на земјите–членки, во користење на нивните права и исполнување на нивните обврски согласно Чикашката конвенција, со тоа што ќе обезбеди заедничко толкување и униформно навремено спроведување на нејзините одредби. Затоа, Регулативата (ЕУ) бр. 2017/373 треба соодветно да се измени и дополни за да е во согласност со последните одредби од Анекс 10 на Чикашката конвенција.

(9) Мерките предвидени со оваа регулатива се во согласност со мислењето на Комитетот формиран со членот 127 од Регулативата (ЕУ) 2018/1139,

---

[(3)] Регулатива за спроведување (ЕУ) 2017/373 на Комисијата од 1 март 2017 година за утврдување на заеднички услови за даватели на услуги за управување со воздушниот сообраќај/даватели на услугите во воздухопловната навигација и останати мрежни функции за управување со воздушниот сообраќај и за нивниот надзор, и за укинување на Регулативата (ЕЗ) бр. 482/2008 и регулативите за спроведување (ЕУ) бр. 1034/2011, (ЕУ) бр. 1035/2011 и (ЕУ) бр. 2016/1377 и за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) 677/2011 (Сл. весник бр. L 62, 8.3.2017 година, стр. 1 ELI: http://data.europa.eu/eli/reg_impl/2017/373/oj ).`;

ЈА ДОНЕСЕ СЛЕДНАВА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

**Измени и дополнувања на Регулативата (ЕУ) бр. 1332/2011**

Во Анексот кон Регулативата (ЕУ) бр. 1332/2011, точката AUR.ACAS.1005 се заменува со следново:

„AUR.ACAS.1005 **Услов за карактеристиките**

Следните авиони на турбински погон се опремени со ACAS II со систем за избегнување на судири верзија 7.1 или со ACAS Xa:

(а) авионите со максимална дозволена маса при полетување поголема од 5 700 кг;

(б) авионите со одобрение да превезуваат повеќе од 19 патници.

Воздухопловите кои не се спомнати во точка 1, а кои, врз доброволна основа , се опремени со ACAS II, имаат верзија 7.1 на софтверот за избегнување на судири.

Точка 1 не се применува на системите за воздухоплови без екипаж.“.

*Член 2*

**Измени и дополнувања на Регулативата (ЕУ) бр. 2017/373**

Во точката CNS.TR.100 од Анекс VIII кон Регулативата за спроведување (ЕУ) 2017/373, точката (г) се заменува со следново:

„(г) Том IV за системи за надзорниот радар и за избегнување на судири, во петтото издание од јули 2014 година, вклучувајќи ги и сите измени и дополнувања вклучително и бр. 91;“

*Член 3*

**Влегување во сила и примена**

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден по денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји членки.

Брисел, 17 февруари 2025 година.

*За Комисијата*

*Претседател*

Урсула ВОН ДЕР ЛЕЈЕН

---------